**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр. 02-1862/**

# З А П И С Н И К

**Од 112-та седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 07.04.2020 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет,Снежана Клинчарова,м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска,Косана Мазнева Николиќ, Селпин Керим и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
м-р Јагнула Куновска и д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Дарко Стефановски-Претседател на Надзорниот одбор на МРТ,Арун Ибраими-Заменик директор на МРТ,Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација во МРТ,Виолета Димевска-раководител на одделение за планирање и буџет,Анета Андонова-одговорен уредник на Прв програмски сервис на МТВ,Мигена Горенца-одговорен уредник на Втор програмски сервис.

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради вонредната сосотојба во државата, 112-та седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку конференциска врска.***

Седницата започна во 10:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет едногласно го усвои Дневниот ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записниците од 110-та и 111-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Финансиски план за изменување на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2020 година.

3. Разгледување и усвојување на План за изменување на годишниот план за Јавни набавки на ЈРП МРТ за 2020 година.

4. Разно.

**ТОЧКА 1:Разгледување и усвојување на записниците од 110-та и 111-та седница на Програмскиот совет на МРТ.**

Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац ги стави на разгледување записниците од 110-та и 111-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записниците од 110-та и 111-та седница на Програмскиот совет на МРТ беа ставени на гласање.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **ги усвои** записниците од 110-та и 111-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА 2:Разгледување и усвојување Финансиски план за изменување на Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2020 година.**

Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димевска раководител на одделението за планирање и реализација на буџети во МРТ која детално го објасни Финансискиот план за изменување на Финансиски план на ЈРП МРТ за 2020 година.
Вики истакна дека во услови на отежнато работење на ЈРП МРТ при зголемен ризик од новонастанатата ситуација во земјата и светот предизвикана од ширењето на опасноста и справување со последиците од вирусни заболувања со Коронавирусот COVID-19 кај населението, со тоа и кај вработените во МРТ, а согласно Одлуката од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на РСМ за доделување на финансиска помош и склучениот Договор за донација на парични средства помеѓу ЈРП МРТ и АААВМУ во износ од 30.000.000 денари, се јави потреба од изработка на Финансиски план за изменување на финансискиот план на ЈРП Македонска радио телевизија за 2020 година.
Со овој договор средствата и се доделуваат на МРТ согласно член 10 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности, со што од страна на Давателот на донацијата на Примателот на донацијата му се одобруваат средства за спроведување на мерки и активности за заштита на своите вработени преку набавка на заштитни средства, медицински потрошен материјал и хигиенски средства, како и за покривање на дополнителните трошоците поврзани со производство, набавка и емитување на програма наменета за деца и млади, но и на друг вид на програма чија крајна цел е исполнување на улогата на јавен сервис во услови на пандемија и справување со негативните последици врз економско-финансиското работење.
Со цел реализација на погоре наведените активности, а врз основа на известувањето од страна на програмските уредници со наш број 14-1803/1 од 01.04.2020 година за воведувањето на нови програмски содржини, во Финансискиот план на ЈРП Македонска радио телевизија за 2020 година се вршат измени како во делот на вкупните планирани приходи, така и во делот на вкупните планирани расходи.
Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски посочи дека Надозрниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Финансискиот план за изменување на Годишниот финансиски план на ЈРП МРТ за 2019 година, со пренамена на средства и даде согласност на истиот,притоа порбаравме со Заклучок Договорот од АВМУ кога ќе го достават да биде испратен и до Надзорниот одбор.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац со прашање дали ќе се трошат средства од оваа донација за откуп на програмски права.
Анета Андонова уредник на Прв програмски сервис во МТВ посочи дека се со план од овие средства да се откупат нови права за филмови,ТВ шоуа и квизови.
Ивана Трајковска со прашање што се случува со овогодинешниот Евросонг во Холандија.
Анета со одговор дека дефинитивно истиот настан е одложен, а ќе се одржи само ревијална вечер која ќе биде пренесувана и на програмите на МТВ.

По расправата Финансискиот план за изменување на годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2020 година, беше ставен на гласање.

■**Финансискиот план за изменување на годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2020 година,** беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Финансискиот план за изменување на годишниот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2020 година, **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 3:Разгледување и усвојување на План за изменување на годишниот план за Јавни набавки на ЈРП МРТ за 2020 година.**
Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димевска раководител на одделението за планирање и буџет во МРТ со детално образложение по материјалот на Планот за изменување на Планот за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2020 година.
Виолета посочи дека во рамки на тековното работење во ЈРП МРТ во делот на обработка и емитување на програмите на Македонската Телевизија а со цел нормално функционирање на опремата во студијата, потребно е да се изврши корекција/префрлување на дел од ставките во Планот за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2020 година од Дел II - Договори и рамковни набавки на услуги во Дел I - Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки.
Имено, согласно Барањето за корекција/префрлување на ставки во Годишниот план за јавни набавки на МРТ за 2020 година добиено од страна на Сектор ТВ Техника во МТВ,оваа корекција е неопходна со оглед на тоа дека за да се поправи опремата потребно е сервисирање од овластен сервис а цената на чинење на резервните делови е висока,па затоа набавката мора да се измени од јавна набавка на услуга во јавна набавка на стока.
Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски објасни дека на предходна седница на Надзорниот одбор истиот материјал е разгледан и има добиено согласност и од Надзорниот одбор на МРТ без забелешки.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац со прашање дали навремено се префрлаат средства од буџетот преку Министерството за финансии за исплата на плати, и дали Надзорниот одбор има во план да подготви некоја анализа доколку се престане со прилив на средтсва од буџетот како би се реагирало.
Виолета Димевска кажа дека за сега оди редовно односно се добиваат прилично на време средствата за исплата на плати.
Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски истакна дека ова е добра забелешка и добар предлог, и истиот ќе биде предложен на седница на Надзорниот одбор на МРТ.
По расправата Планот за изменување на планот за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2020 година беше ставен на гласање.
■**Планот за изменување на планот за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2020 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Планот за изменување на планот за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2020 година **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 4:Разно.**

Заменик претседателот на советот Ведат Мемедалија запраша дали има некаква Информација по однос на Заклучокот кој беше побаран на предходната седница, а во врска со систематизацијата на работни места во МРТ.

Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација со информација дека тоа што побараа да се скратат понудените места во систематизацијата од Министерство за информатичко општество и администрација се скрати им им се достави во рок.Сега побараа Функционална анализа за местата која ќе биде испратена до крајот на оваа недела до минстерството.

Арун Ибраими Заменик директор на МРТ со забелешка дека вториот канал на албански јазик кој се планира да отпочне треба да има ново прозиводство на програма а и тука се скратени места,проблем е како се планира да се прозиведува програма во тој канал,и притоа даде ветување дека ќе побара да се одржи состанок со директорот на МРТ по однос на ова.

Ведат побара после одржување на состанокот помеѓу менаџментот на МРТ да се достави Информација до Програмскиот совет што ќе биде договорено по однос на систематизацијата на работни места во МРТ.

Членот на советот Златко Јанковски со прашање кој ја изготвува функционалната анализа.Горан Атанасов со одговор дека е работена од внатрешен тим на МРТ составен од сите сектори.

Златко истакна дека тоа е добар потег тим на вработени од внатре да ја изготвуваат функионалната анализа бидејќи така ќе биде најреална и ќе се покаже како најобјективна, и би било добро кога ќе биде готова истата да ни се достави на разгледување.

Заменик претседателот на советот Ведат Мемедалија со забелешка до Одговорниот уредник на Втор програмски сервис дека има големи реакции по однос на печатните грешки во образовната програма која се емитува на МТВ2.

Уредничката Мигена Горенца со одговор дека емисиите се носат на 30 минути пред да одат на екран и се нема простор за било какво прегледување и корекции.

Снежана Клинчарова по однос на систематизацијата на работни места истакна дека бројката која е добиена од Министерство за информатичко општество и администрација е мала, и треба да се направи притисок за да се добијат повеќе места со тоа што акцентот ќе се даде на тие места кај што се создава програмата, а пак доколку се кратат работни места по никоја цена да не се крати таму туку во некој други сектори, бидејќи вака МРТ ќе се соочи со реален проблем од недостиг на вработени за сзодавање на програма.

Ристе Панов по однос на уредбата на Владата за намалување на платите на директорите и мерките што се применуваат предложи кога истата ќе излезе во Службен весник да биде доставена до членовите по меил.

Седницата заврши во 11:10 часот.

Записничар:
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател